ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ УСЛУГА Ц.О.
Бр. 03-235/1
23.08. 2021 год.
БЕРОВО

ЈПКР УСЛУГА - Берово
ул. "Маршал Тито" 66 П.Ф. 2330 Берово
https://www.jpkrusluga-berovo.com.mk email: berovo.usluga@gmail.com
Тел: 075-218-251, 075-309-347, 075-472-884

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Сл. весник на РСМ" бр.42/20) Директорот на ЈПКР „Услуга" Берово донесе:

# О Д Л У К А
## За определување на офицер за заштита на личните податоци

1. Лицето **Симоновска Љубица**, вработена на работното место Одговорен соработник по информатика се определува за офицер за заштита на личните податоци во ЈПКР „Услуга" Берово.
2. Офицерот е овластен да ги врши следните работи:
   - Информирање и советување на контролорот/обработувачот и вработените кои вршат обработка за нивните обврски според одредбите од ЗЗЛП;
   - Следење на усогласеноста со ЗЗЛП, со други закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во РС Македонија, како и со политиките на контролорот/обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци,
   - Изработување на интерните прописи за заштита на личните податоци,
   - Давање совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со ЗЗЛП,
   - Соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци,
   - Контактира со Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи и претходната консултација согласно со ЗЗЛП, како и советување според потребите за сите други прашања,
   - Контактира со субјектите на личните податоци за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права според ЗЗЛП,
   - Предлага обуки за вработените во врска со заштитата на личните податоци и врши и други должности и задачи утврдени со ЗЗЛП, подзаконските прописи и интерни акти за заштита на личните податоци.
3. Офицерот е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи во согласност со закон.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.03-235/1
23.08.2021 год.

ЈПКР „Услуга" Берово
Директор
Илија Рунтевски

Јавно претпријатие за комунални работи „УСЛУГА" Берово